Службен весник на Република Македонија

Број 110 **3 септември 2012, понеделник** **година LXVIII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2853.	**Правилник** за начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатен надоместок за управување со отпад од пакување како и формата и содржината на образецот за пресметка на уплатениот надоместок за управување со отпад од пакување.....	**2**
2854.	**Правилник** за начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори како и формата и содржината на образецот за пресметка на уплатениот надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори.....	**4**
2855.	**Правилник** за формата и содржината на поканата за наплата на глобата во мандатна постапка.....	**6**
2856.	**Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на бодирање на писмениот дел од стручниот испит за проценувачи на добрата и влијанијата врз животната средина.....	**8**
	Огласен дел.....	**1-40**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

2853.

Врз основа на член 40-б став (3) Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12 и 39/ 12) министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТАНИОТ И УПЛАТЕНОТ НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ПРЕСМЕТКА НА УПЛАТЕНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатеног надоместок за управување со отпад од пакување, како и формата и содржината на образецот за пресметка на уплатениот надоместок.

Член 2

Обврзникот за плаќање на надоместокот самостојно води евиденција во писмена и електронска форма на пресметниот и уплатен надоместок за управување со отпад од пакување за количините на пакувања по видови на материјали во тон /ден за кои го пресметува и уплаќа надоместокот.

Член 3

Податоците за количините на пакувања по видовите на материјали за кои обврзникот пресметува и уплатува надоместок и ги внесува во евиденцијата од член 2 на овој правилник се преземаат од месечната и годишната евиденција кој ја води обврзникот за вкупното пакување кое го пуштил на пазар или увезол во Република Македонија.

Член 4

Обврзникот за плаќање на надоместокот ја чува евиденцијата од член 2 на овој правилник согласно прописите за даночна постапка.

Член 5

Податоците за пресметка на уплатениот надоместок за управување со отпад од пакување се доставуваат на образец, чија форма и содржина е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-5754/5
30 јули 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

Министер за животна средина
и просторно планирање,
Абдулаќим Адеми, с.р.

ПРИЛОГ

Пресметка за уплатен надоместок за управување со отпад од пакување

Број на известување							
Назив/фирма		Седиште		Единствен даночен број		Тромесечието за кое се доставува известувањето	Лице за контакт

РБ	Вид на материјали за пакување		количини во тони	Единачена висина на надоместок	Збирен износ на надоместок	Датум на уплата на надоместок	* Шифра на надоместок
	Вид на материјал	Под вид на материјал					
1	Стакло						
2	Пластика						
3	Хартија и картон						
4	За повеќеслојни пакувања составени претежно од хартиени и картононски компонети(композит)	За пилјалак и други напивки					
		За други намени					
5	метал	лименки					
		Други метални садови					
6	Дрво						
	Вкупно :						

Изјава од одговорно лице:
Изјвувам дека приложените информации се точни.

Место,_____ Дата_____година МП Потпис на одговорно лице_____

Забелешка: * : Доколку се пресметува надоместок за пакувања од стакло внесете ПС-01, за пакувања од пластика ПП-02, за пакувања од хартија и картон ПХК-03, за повеќеслојно пакување – композитни пакувања (пијалак и други напивки) ПК-04, за повеќеслојни пакувања- композитни пакувања (за друга намена) ПК1 -05, за пакување од метал (лименки) ПМ-06, за пакување од метал (други метални садови) ПМ1-07, за пакување од дрво ПД-08.

2854.

Врз основа на член 39-а став (3) Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија” бр. 140/10, 47/11 , 148/11 и 39/12), министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТАНИОТ И УПЛАТЕНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ПРЕСМЕТКА НА УПЛАТЕНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок, како и формата и содржината на образецот за пресметка на уплатениот надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори.

Член 2

Обврзникот за плаќање на надоместокот самостојно води, евиденција во писмена и електронска форма на пресметниот и уплатен надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори како и за бројот, количините и видовите на батерии и акумулатори во ден/кг за кои го пресметува и уплаќа надоместокот.

Член 3

Податоците за видот, бројот и количините на батериите и акумулаторите, за кои обврзникот пресметува и уплатува надоместок и ги внесува во евиденцијата од член 2 на овој правилник се преземаат од евиденцијата за количините и видовите на батерии ии акумулатори кои ги пуштил на пазар во Република Македонија.

Член 4

Обврзникот за плаќање на надоместокот ја чува евиденцијата од член 2 на овој правилник согласно прописите за даночна постапка.

Член 5

Податоците за пресметка на уплатениот надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори, се доставуваат на образец, чија форма и содржина е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.07-5766/5
30 јули 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

Министер за животна средина
и просторно планирање,
Абдулаќим Адеми, с.р.

ПРИЛОГ

Пресметка за уплатен надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори

Број на известување								
Назив/фирма И седиште		Единствен даночен број		Тромесечие за кое се доставува известувањето		Лице за контакт		
РБ	Видови на батрерии и акумулатори	Трифен број	Вкупен број на парчиња	Вкупно во kg	Единечен износ на надоместок	Вкупен износ на надоместок	Датум на уплата	*Шифра за вид на надоместок
	Вкупно							

Изјава од одговорно лице:
Изјвувам дека приложените информации се точни.

Место,

Дата _____ година МП _____

(Потпис на одговорно лице)

Забелешка: * : Доколку се пресметува надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори за преносни батерии внесете ПБА, за надоместокот за управување со отпадни батерии и акумулатори за оловни автомобилски батерии и акумулатори внесете ОАБА-02, за надоместокот за управување со отпадни батерии и акумулатори за други неоловни автомобилски батерии и акумулатори внесете НОАБА – 03, за надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори за оловни индустриски батерии и акумулатори внесете ОИБА- 04, надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори за други неоловни индустриски батерии и акумулатори внесете НИБА-05.

2855.

Врз основа на член 69 став (3) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12) министерот за животна средина и просторно планирање донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА НАПЛАТА НА ГЛОБАТА ВО МАНДАТНА ПОСТАПКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за наплата на глобата во мандатна постапка по прекршоци од областа на управувањето со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

Член 2

Поканата за наплата на глоба во мандатна постапка по прекршоци од областа на управувањето со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, се издава на образец во А5 формат и се состои од пет идентични примероци изработени од тенка индиго хартија во бела боја, на која податоците се испишани со црни букви.

Член 3

(1) Поканата од член 2 на овој правилник која ја издава овластениот инспектор за животна средина, односно комуналниот инспектор на општината, на општината во Градот Скопје и на Градот Скопје, ги содржи следните елементи:

1. Грб на Република Македонија;
2. Место предвидено за името на општината;
3. Рубрика за архивскиот број;
4. Место предвидено за серискиот број;
5. Правниот основ за издавање на поканата за наплата на глоба за стореното прекршок;
6. Рубрика „1. Податоци за стореното прекршок“ која содржи:
- „Ден“;
- „Час“;
- „Место на сторување“;
- „Опис на прекршокот“;
- „Член од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема со кој е предвиден прекршокот“;
- „Глоба предвидена за прекршокот“.
7. Рубрика „2.Податоци за сторителот на прекршокот“ која содржи:
- „Име и презиме“;
- „ЕМБГ“;
- „л.к. бр.“;
- „СВР“;
- „Адреса на живеење (улица, број, место, општина)“;
8. Напомена за обврската за плаќање на глобата за стореното прекршок;
9. Правна поука;
10. Место за печат и
11. Потпис на сторителот на прекршокот и овластениот инспектор за животна средина, односно комуналниот инспектор на општината, на општината во Градот Скопје и на Градот Скопје.

(2) Образецот на поканата од став (1) на овој член е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Бр. 07-2472/3
27 август 2012 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
Абдилаќим Адеми, с.р.

Прилог

Република Македонија
Општина_____
Бр._____од _____20__ год.

Серискиброј

Врз основа на член 48 од Законот за прекршоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/06, 69/06 и 51/11”) и член 69 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12), се издава

ПОКАНА
за наплата на глоба

1. Податоци за сторениот прекршок

Ден _____ час _____ Место на сторување _____

Опис на прекршокот _____

Член од законот според кој е предвиден прекршокот _____

Глоба предвидена за прекршокот _____ Евра во ден. Противвредност* _____

2. Податоци за сторителот на прекршокот

Име и презиме _____

ЕМБГ _____ л.к. бр. _____ СВР _____

Адреса на живеење _____

Вработен во _____

Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата на следната уплатна сметка 840 *** 05262 приходна шифра 722124 програма 00 _____ со повикување на бр 70**

(се става бројот на платниот налог) и оригинал од налогот за јавни приходи да достави на адреса _____

ПРАВНА ПОУКА:

3. Физичкото лице од точка 2 треба да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на поканата за наплата на глоба.
4. Доколку глобата се плати во рок предвиден од точка 3 од оваа покана за наплата на глоба физичкото лице не ги плаќа трошоците во постапката.
5. Доколку во рок од осум дена од денот на потпишување на поканата за наплата на глоба физичкото лице од точка 2 не ја плати глобата службеното лице против лицето од точка 2 е должен да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија при Министерството за животна средина и просторно планирање.
6. Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на поканата за наплата на глоба се согласува да ја плати глобата.
7. Сторителот кој со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата. За платената глоба се издава потврда.

Име и презиме на службеното лице		Име и презиме на сторителот на прекршокот
_____		_____
Потпис		Потпис
_____	М.П.	_____
Место и датум на издавање на ПН		Датум на прием на ПН
_____, _____ 20__ г.		

*според средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на изрекувањето на глобата;
** карактеристичен број за Законот за управување електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема;
*** се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија објавен во Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и повраток на јавните приходи („Службен Весник на Република Македонија“ бр.114/09, 153/09, 43/10 и 185/11).

2856.

Врз основа на член 13 став (7) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПИСМЕНИОТ ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОЦЕНУВАЧИ НА ДОБРАТА И ВЛИЈАНИЈАТА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Во Правилникот за начинот на бодирање на писмениот дел од стручниот испит за проценувачи на добрата и влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/12) во членот 2 во ставовите (4) и (5) и во членот 3 по зборот: “став“ бројот: „1“ се заменува со бројот: „3“.

Член 2

Во членот 4 зборот: „тестот“ се заменува со зборовите: „практичниот дел од писмениот испит“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 07-1534/6
21 август 2012 година
Скопје

Министер,
Абдилаќим Адеми с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2012110